




**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**

**ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА**

**27 февруари - 5 март 2023 Билтен бр. 515**

# ЗАПОЧНА ПРОЛЕТНАТА ДЕРАТИЗАЦИЈА ВО КАРПОШ

Општина Карпош денеска ја започна редовната пролетна дератизација на околу 5.000 шахти на своја територија. Како дел од рутинските активности за одржување на јавната хигиена, со процесот на дезинфекција, дезинсекција и дератизација беа опфатени сите основни училишта и детски градинки.

Локалната самоуправа ја презема оваа активност секоја година на пролет и есен, како превенција од штетните глодари и инсекти, во насока на одржување на здравата животна средина.



# ОПШТИНА КАРПОШ ВО РАБОТНА ПОСЕТА НА МАЛТА

Делегација од локалната самоуправа предводена од претставниците на Советот на Општина Карпош, Роберт Велјановски и Владимир Бислимовски минатата недела престојуваше во работна посета на збратимената општина Л- исла, Малта. Во оваа пригода советниците се запознаа со работата на општина Л-Исла, при што разговараа за проблемите со кои се соочуваат локалните заедници и разменија значајни искуства, особено од областа на социјалната заштита, екологијата и комуналното уредување.

**Во рамки на работната посета присуствуваа и претставниците на Секторот за развој на Општина Карпош, Александра Теова и Роберт Јанковски, како и претставникот на Секторот за поддршка на градоначалникот на Општина Карпош, Виолета Михајловска. Оттука, административците од Карпош остварија работни сесии пред отворањето на фондовите на Европската Унија. На сесиите беа разгледани иницијалните проекти со кои заеднички ќе настапат збратимените општини. Младите, екологијата, социјалната заштита и можноста за инфраструктурни проекти беа појдовна точка од интерес, каде што беше договорена редовна комуникација, со цел што побрза подготовка на проектите.**



# КАРПОШ ЌЕ УЧЕСТВУВА ВО ПРОЕКТ ЗА ИНВЕСТИЦИЈА ВО ФОТОВОЛТАИЦИ ВО ДВЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА

Во рамки на дваесет и втората седница која се одржа денеска во просториите на Универзитетот за туризам и менаџмент – Скопје, Советот на Општина Карпош заседаваше и расправаше по 19 точки кои се најдоа на дневниот ред. Притоа, со мнозинска поддршка од советниците беше изгласана Одлуката за кофинансирање на проектот „Инвестиција во фотоволтаици, енергетска ефикасност, заштита на човековата околина", кој ќе се реализира во основните училишта „Владо Тасевски" и „Војдан Чернодрински".Имено, локалната самоуправа од Карпош во партнерство со општините Кисела Вода, Сопиште и Зелениково ќе поднесе апликација преку Скопски плански регион, за добивање на грант во висина од 7.500.000 денари (за сите четири општини), од Бирото за регионален развој. Поточно, станува збор за проект кој вклучува поставување на фотонапонски модули на кровните површини во неколку основни училишта, кои се наоѓаат на територијата на горенаведените четири општини. Секако, претходно ќе биде изработен основен проект за изведба на „он-грид" фотонапонски систем до 20 kW, индивидуално за секое училиште, во кое ќе бидат поставени фотонапонски модули кои потоа ќе се поврзат во системот.

Вкупната вредност на целата инвестиција вклучувајќи ја и изработката на основниот проект, се очекува да не ја надмине висината од 12.448.720 денари, додека пак вредноста за инвестирање во фотоволтаици во двете основни училишта во Карпош, ќе биде најмалку 2.400.000 денари. Во овој случај Општина Карпош ќе учествува со 1.000.000 денари, кои ќе ги кофинансира по добивање на поднесениот проект.



**Советот ја поддржа и Предлог – План Програмата за развој на Општина Карпош за 2023 – 2025 година, која е изработена согласно потребите од областа на екологијата и енергетската ефикасност. За таа цел ќе бидат преземени одредени активности за подобрување на условите на јавното осветлување на територија на локалната самоуправа. Од тој аспект се планира реконструкција на уличното осветлување преку замена на постоечките светилки, со штедливи ЛЕД светилки.**

**Со реализацијата на оваа активност се предвидува во текот на наредната година да се заменат 100% од вкупниот број на натриумови светилки со нови ЛЕД светилки од 35W. Исто така ќе бидат заменети натриумови светилки во дворните места на училиштата, додека пак рефлекторите од 400W инсталирани на спортските и детските игралишта се веќе комплетно заменети со ЛЕД светилки од 150W (вкупно 244). Очекуваните заштеди на годишно ниво се од 60% до 90% од сегашната инсталирана снага на заменетите светилки, како и конкретна заштеда од 23.120.176 до 34.876.199 денари.**

**Реализацијата на оваа активност треба да донесе повеќе бенефити за општината, меѓу кои најважни се помалата потрошувачка на електрична енергија и ефикасен систем на функционирање на мрежата без дефекти на улиците и јавните површини. Со реализација на овој проект се отвора простор во наредниот временски период, целосно да се реши проблемот со функционирањето на јавното осветлување во општината, преку мониторинг и управување со потрошувачката на електрична енергија за улично осветлување, спортските и детските игралишта на вкупно 157 мерни места. За таа цел ќе бидат поставени нови командни ормари со софистициран управувачки систем, нови ЛЕД светилки како и ново ожичување во самите столбови. Вкупната вредност на овој проект се планира да изнесува околу 120.000.000 денари. Поради големиот обем и висината на потребните финансиски средствата кои се неопходни за реализација на оваа развојна програма, реконструкција на јавното осветлување во општина Карпош ќе се реализира во три фази. Оттука, во 2023 година се планира промена на светилки во износ од 23.000.000 денари, во 2024-та за истата намена ќе бидат инвестирани 50.000.000 денари, а веќе наредната година, за промена на јавното осветлување ќе бидат потрошени 47.000.000 денари. Според предвидените временски рамки, проектот треба да започне во септември годинава, а конечно треба да биде имплементиран до крајот на март 2024 година.**

**Поради големиот обем и висината на потребните финансиски средствата кои се неопходни за реализација на оваа развојна програма, реконструкција на јавното осветлување во општина Карпош ќе се реализира во три фази. Оттука, во 2023 година се планира промена на светилки во износ од 23.000.000 денари, во 2024-та за истата намена ќе бидат инвестирани 50.000.000 денари, а веќе наредната година, за промена на јавното осветлување ќе бидат потрошени 47.000.000 денари. Според предвидените временски рамки, проектот треба да започне во септември годинава, а конечно треба да биде имплементиран до крајот на март 2024 година.**

По претходна дискусија, советниците дадоа поддршка за четиригодишната Локалната стратегија за млади на општина Карпош, за период од 2023 до 2027 година, а во таа насока го изгласаа и Акцискиот план за спроведување на Локалната стратегија за 2023 година. Инаку, Општина Карпош во соработка со Коалиција на младински организации СЕГА спроведе процес на креирање на Стратегија за млади за период 2023 – 2027 година, во согласност со Законот за младинско учество и младински политики. Подготовката на оваа стратегија е поддржана во рамките на проектот „Младинско учество за силен и одржлив развој на заедницата“, кој е финансиран од Европската Унија. Проектот го спроведува Коалиција на младински организации СЕГА во партнерство со СОС Детско Село, Волонтерски Центар Скопје и Женски Форум Тетово. Притоа, Општина Карпош беше избрана како една од четирите локални самоуправи каде ќе се поддржи креирање на стратегии за млади, заедно со општините Кисела Вода, Гостивар и Битола. При процесот на креирање на стратегијата, експертска поддршка обезбеди консултантската компанија „Стратешки Менаџмент Системи“.





# КАРПОШАНИ ПРЕДЛАГААТ ПРОЕКТИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА

Во организација на Општина Карпош, во партнерство и со финансиска поддршка на Швајцарската влада (преку Швајцарската агенција за развој и соработка – SDC), Министерството за локална самоуправа на РСМ и Програмата за развој на Обединетите Нации – УНДП, вчеравечер во ООУ „Лазо Трповски“ се одржа првата форумска сесија од „Проектниот Форум во заедницата“. Станува збор за заедничка иницијатива која треба на транспарентен и инклузивен начин да го зајакне граѓанското учество во процесот на одлучување на локално ниво, при што би се подобрил партнерскиот однос помеѓу локалните субјекти, во поглед на изнаоѓање на поефикасни решенија за проблемите, кои пак се во интерес на целата заедница.

Имено, во рамки на проектот „Форуми во заедницата“ жителите на општина Карпош даваа предлози кои треба да бидат имплементирани во вид на проекти, за кои самите ќе одлучат кои се приоритетите за развој на нивната локална самоуправа и кои активности може да се спроведат во таа насока. На вчерашната средба, мнозинството присутни граѓани ја избраа темата „образование, спорт и млади“ на која ќе даваат конкретни предлози, за кои ќе се расправа и одлучува на наредните форумски сесии. Проектите ќе се финансираат преку планиран буџет од 50.000 долари од кои 20% ќе ги обезбеди Општина Карпош.  Со овие средства треба да се реализираат најмалку еден, но најмногу три приоритетни проекти.

Притоа, целиот форумскиот процес ќе се одвива во текот на оваа година низ циклус од пет сесии и истиот ќе се спроведе по следниов распоред:

I – форумска сесија (среда – 01.03.2023)

II – форумска сесија (среда – 15.03.2023)

III – форумска сесија (среда – 05.04.2023)

IV- форумска сесија (среда – 19.04.2023)

V – форумска сесија (среда – декември 2023).

Процесот е отворен за сите жители на општина Карпош во кој тие ќе одлучуваат за изборот на темата, проектните идеи, како и предлог проектите кои во секој случај ќе бидат земени в предвид и во понатамошните општински активности. Инаку „Проектниот Форум во заедницата“ е компонента на проектот „Зајакнување на општинските совети“, кој директно ги инволвира граѓаните на Карпош и на тој начин ги мотивира да учествуваат при носење на заеднички одлуки во соработка со локалната самоуправа.




Ministry of
Local Self Government
UNDP
Форум во заедницата
Модел за граѓанско учество на локално ниво
1-ва форумска сесија
01.03.2023



Издавачката куќа ,,Арс Ламина" додели по 100 книги за десетте основни училишта во Општина Карпош. Во рамки на кампањата ,,Читањето е супермоќ", која е поддржана и од Филозовскиот факултет во Скопје како и здружението за дислексија ,,Ајнштајн", денеска, во просториите на ООУ ,,Лазо Трповски", се одржа презентација која има за цел да се збогати библиотечниот фонд во училиштата и да се поттикнат читачките навики кај децата. Општина Карпош го ужива овој благодет, кој пред се е од огромно значење за развојот во образованието на децата, а мисијата на кампањата е преку понуда на атрактивни изданија да предизвика и одржи интерес за читање кај учениците. Издавачката куќа ,,Арс Ламина" со години е сериозна поддршка на наставно образовниот процес со понуда на изданија, што се користат во и надвор од наставната програма.

На презентацијата присуствуваа директорките на училиштата, библиотекарите како и дел од наставниот кадар од сите основни училишта на територија на Општина Карпош.

